**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” – СКОПЈЕ**
**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ХЕМИЈА**

**ГОЛЕМИ ЗАЦРНЕТИ (BOLD) БУКВИ 12 pt**

**Име и презиме**

**масни (bold) букви 16 pt**

# НАСЛОВ НА ТЕМАТА

**ГОЛЕМИ МАСНИ (BOLD) БУКВИ 18 pt**

*семинарска работа по предметот*
*Методологија на научноистражувачката работа*

*коси букви 14 pt*

**Скопје, 2011**

**масни букви 14 pt**

# СОДРЖИНА


TITLE ........................................................................................................ 3

ABSTRACT ........................................................................................................ 3

Keywords ........................................................................................................ 3

АПСТРАКТ ........................................................................................................ 3

Клучни зборови ........................................................................................................ 3

ВОВЕД ........................................................................................................ 4

СПИСОК НА КРАТЕНКИ ........................................................................................................ 5

ЛИТЕРАТУРА ........................................................................................................ 5


Ако за насловите се користат соодветни стилови (Heading 1, Heading 2, Heading 3) правењето на содржината е многу едноставно. Се оди во *References* и се одбира *Table of Contents*. Ако во меѓувреме се направат измени во насловите или текстот, доволно е курсорот да се постави над содржината и со десен клик на глушецот се одбира опцијата *Update Field*.

Проредот на содржината да биде 1,5.

# TITLE (Heading 1 + Times New Roman, 16 pt)

Да се даде превод од насловот на англиски.

# ABSTRACT (Heading 1 + Times New Roman)

Да се даде превод на апстрактот на англиски.

## *Keywords* *(Heading 2 + Times New Roman, 14 pt)*

Да се даде превод на клучните зборови на англиски.

# АПСТРАКТ (Heading 1 + Times New Roman)

На кратко да се наведат најважните елементи за дадената тема. Да не содржи повеќе од 250 зборови (во *Word* под *Tools* постои опција *Word Count*).

## *Клучни зборови* *(Heading 2 + Times New Roman)*

Да се наведат клучни зборови кои не се спомнати во насловот а ја опфаќаат областа, методата, класите супстанци или супстанците.

# ВОВЕД (Heading 1 + Times New Roman)

Семинарската работа е замислена како прегледен труд (*review paper*) на изворната литература од магистерската тема на кандидатот. За таа цел да се користи SCOPUS (мора само од IP адреси на ПМФ) и Google Scholar (scholar.google.com/) за да се најде примарна литература од дадената област. За организирање на литературата да се користи Mendeley (www.mendeley.com/).

Во зависност од темата, сугерирани поднаслови на деловите од семинарската работа се:

- вовед
- преглед на литература
- теоретски основи
- заклучок (мотив и цел на истражувањето во магистерската работа)
- литература.

Можни се и други поднаслови во зависност од темата.

## Некои технички аспекти што треба да бидат запазени:

☺ Големината на семинарскиот труд да биде околу 10 страни (без насловната страна, содржината, апстрактите, кратенките и литературата).

☺ Целата семинарска работа да биде напишана со *Times New Roman* во македонска кодна страна со големина на букви 12 pt, проред 1,5. За карактерите што ги нема во основниот фонт да се користи фонтот *Symbol*.

☺ Маргините да бидат: лево и десно 3 cm, горе и долу 2 cm.

☺ Страните да бидат нумерирани, освен насловната, на средината долу.

☺ Во заглавието (Header) на секоја страна да стои име и презиме на левата страна, а краток наслов (значи наслов од клучни зборови без непотребни додатоци) на семинарската работа на десната страна.

☺ Сите слики, графикони и табели да имаат наслови и да бидат јасно означени. Насловите на сликите и графиконите да бидат под, а насловите на табелите над табелата како што е илустрирано подолу. За насловите и текстот во табелите да се користи големина на фонт 11.

☺ Структурните формули да се нацртани во *Chem Window* или други специјализирани програми, а 3D моделите во *Hyper Chem* или *Gauss View*. Никако не се прифаќаат готови формули од Интернет или скенирани од книги, освен ако се сложени биохемиски структури.

☺ Називите на супстанците да бидат на македонски според IUPAC или ако се користат тривијални имиња да се наведат барем еднаш системските имиња.

☺ Да се користат препораките на IUPAC за симболите на единиците и физичките величини и начинот на пишување (во табели, графикони итн.).

☺ Да се почитува правописот на македонскиот јазик.

☺ Ако туѓите мисли/реченици се преземаат дословно тоа треба да се прави со наводници. Ако не се искажат со сопствени зборови тоа е плагијат особено ако се повеќе реченици, или како што сме имале искуство цело подпоглавие со должина од неколку страни. Тоа не смее да се прави ниту во специјалистичките ниту во магистерскатите тези кога од други тези се преземаат делови од воведните делови.

☺ Семинарската да се испрати по е-пошта на zoran@pmf.ukim.mk.

**Табела 1.** Ориентација на нитрирање на супституирани бензени




| | | принос / % | | | | принос / % | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| X | *-o* | *-m* | *-p* | X | *-o* | *-m* | *-p* |
| деактиватори мета ориентација | | | | деактиватори орто пара ориентација | | | |
| $–^{+}N(CH_3)_3$ | 2 | 89 | 11 | –F | 13 | 1 | 86 |
| $–NO_2$ | 7 | 91 | 2 | –Cl | 25 | 1 | 64 |
| –COOH | 22 | 77 | 2 | –Br | 43 | 1 | 56 |
| –CN | 17 | 81 | 2 | –I | 45 | 1 | 54 |
| $–COOCH_2CH_3$ | 28 | 66 | 6 | | | | |
| $–COCH_3$ | 26 | 72 | 2 | активатори орто пара ориентација | | | |
| –CHO | 19 | 72 | 9 | $–CH_3$ | 63 | 3 | 34 |
| | | | | –OH | 50 | 0 | 50 |
| | | | | $–NHCOCH_3$ | 19 | 2 | 79 |




**Слика 1**. Структурна формула на теобромин

# СПИСОК НА КРАТЕНКИ (Heading 1 + Times New Roman)

# ЛИТЕРАТУРА (Heading 1 + Times New Roman)

При цитирање на книги да се избере една од двете препораки и да се користи доследно (Mendeley то многу го олеснува):

- Шоптрајанова Л.; Стефова М.; Кузмановски И.*Извори и користење на хемиски информации*; Просветно Дело: Скопје, 1999.
- *The ACS Style Guide: A Manual for Authors and Editors*, 3rd ed.; Coghill A. M.; Garson, L. R. Eds., ACS: Washington, DC, 2006.

Во литературата да се наведат најмалку 10 рефернци од примарната литература, по можност и прегледен труд (трудови) и тоа да не се постари од 10 години. Да не се цитираат повеќе од 5 книги. Секаде во текстот да е наведено што е преземено од каде.

☺ **ЌЕ СЕ ОЦЕНУВА ЦЕЛОКУПНАТА ФОРМА, СОДРЖИНАТА, НАЧИНОТ НА ИЗРАЗУВАЊЕ И ПЕДАНТНОСТА!**